Врз основа на член 99 став 5 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/28, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13 и 41/14) министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на потврдување на компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на потврдување на компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации.

Член 2

Од страна на министерот надлежен за работите на високото образование (во натамошниот текст: министерот) за потврдување на компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации се формира работно тело.

Работното тело од ставот 1 на овој член се состои од девет члена и тоа: по еден претставник од министерството надлежно за работите на високото образование, Одборот за акредитација и евалуција на високото образование, Интеруниверзитетската конференција на универзитетите, работодавачите, студентите и четири члена - експерти за работите на високото образование, избрани на меѓународен оглас, од страна на министерството, од земјите членки на Европската Унија, потписнички на Болоњската декларација.

Членовите – експерти на работното тело од ставот 2 на овој член се избираат по пат на меѓународен јавен повик кој го распишува министерот.

Сите членови на работното тело од ставот 2 на овој член треба да имаат познавања за Националната рамка на високообразовните квалификации.

Меѓународните стручњаци од ставот 2 на овој член се од различна земја членка на Европскиот простор на високо образование, која не е во поблиското соседство на Република Македонија.

Член 3

Работното тело од членот 2 од овој правилник до министерот, најдоцна шест месеци по формирањето, поднесува Извештај за потврдување на компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации.(во натамшниот текст: Извештај)

Член 4

Извештајот содржи:

– краток вовед со кој се дава преглед за воспоставувањето и развивањето на Националната рамка на високообразовните квалификации во Република Македонија, составот на работната група и нејзината работа;

– заклучок со кратко образложение за компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации;

– преглед и образложение за исполнетост на секој од критериумите од ставот 1 на член 5 од овој правилник;

– преглед и образложение за исполнетост на процедуралните стандарди од ставот 2 на член 5 од овој правилник; и

– додатоци, прегледи и прилози кои се во функција на извештајот.

Член 5

Мерила за компатибилност на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации се:

- Националната рамка на високообразовните квалификации и телото или телата надлежни за нејзиното развивање се определуваат од страна на националното министерство надлежно за работите на високото образование,
- да постои јасна и прегледна врска помеѓу квалификациите во Националната рамка на високообразовни квалификации и дескрипторите на квалификациите по циклуси во Европската рамка на високообразовни квалификации,
- Националната рамка и нејзините квалификации се докажано засновани на резултатите од учењето и квалификациите се поврзани со ЕКТС или со кредити соодветни на ЕКТС,
- постапките за вклучување на квалификациите во Националната рамка се транспарентни,
- националниот систем за обезбедување на квалитет во високото образование се повикува на Националната рамка на квалификации и е доследен на Берлинското коминике и на сите последователни коминикеа усвоени од страна на Министрите надлежни за работите од високото образование на земјите потписнички на Болоњската декларација.
- Националната рамка на квалификации и секое усогласување со Европската рамка на квалификации се посочени во секој Додаток на диплома.

Постапките за потврдување на усклaденоста на Националната рамка на квалификации со рамката на квалификации за Европскиот простор на високото образование утврдени во извештајот на Министрите во Берген се следните:

- надлежното национално тело треба да ја потврди усклaденоста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации.
- процесот на самопотврдување ја вклучува искажаната согласност на телата за обезбедување на квалитет во земјата за која станува збор, во која е спроведена Болоњскиот процес.
- во процесот на самопотврдување треба да бидат вклучени лиценцирани меѓународни експерти од обласата на високото образование,
- самопотврдувањето и доказот кој ја поткрепува неговата реализација треба да се објават и поединечно да ги земаат во предвид секој од утврдените критериуми,
- ENIC и NARIC мрежите го одржуваат јавниот список на државите кои потврдиле дека го завршиле процесот на самопотврдување и
- завршувањето на процесот на самопотврдување треба да се истакне во додатокот на дипломата со прикажување на врската помеѓу Националната рамка на високообразовни квалификации и Европската рамка на високообразовни квалификации.

Член 6

Извештајот преку надлежните тела на Европската Комисија и на Европскиот простор на високото образование се доставува на увид на земјите членки.

Евентуално доставените забелешки се разгледуваат од работното тело од член 2 од овој правилник и по нив се постапува на начин утврден во Болоњската декларација.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

МИНИСТЕР
Спиро Ристовски

Бр. 13-5980/1
04.04.2014 година
Скопје